20251433161

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 68 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на лиценца за изработување на урбанистички планови, формата и содржината на барањето за издавање на овластување за изработување на урбанистички планови и потребната документација.

Член 2

Барањето за издавање на лиценца за изработување на урбанистички планови се поднесува до Министерството за транспорт на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за издавање на овластување за изработување на урбанистички планови се поднесува до Комората на овластени архитекти и овластени инженери на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Кон барањето од членот 3 од овој правилник, се приложува следната документација:

- диплома или уверение за дипломиран инженер архитект или магистер инженер архитект, кој завршил VIIА степен на високо образование, се стекнал со 300 кредити според Европскиот кредит – трансфер систем (ЕКТС);
- потврда дека има најмалку три години работно искуство во областа на урбанистичкото планирање;
- референтна листа од најмалку три донесени урбанистички планови односно одобрени урбанистички проекти или урбанистичко плански документации при чија изработка учествувал во нивната подготовка и
- доказ за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање.

Доколку барателот има научно звање доктор на науки од областа на урбанизмот, кон барањето од членот 3 од овој правилник, се приложува следната документација:

- диплома или уверение за дипломиран инженер архитект или магистер инженер архитект, кој завршил VIIA степен на високо образование, се стекнал со 300 кредити според Европскиот кредит – трансфер систем (ЕКТС);

- диплома или уверение дека има научно звање доктор на науки од областа на урбанизмот;

- потврда дека има една година работно искуство во областа на урбанистичкото планирање;

- референтна листа од најмалку три донесени урбанистички планови односно одобрени урбанистички проекти или урбанистичко плански документации при чија изработка учествувал во нивната подготовка и

- доказ за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање.

Доколку барателот има четири години работно искуство во органите што ја спроведуваат постапката на донесување и спроведување на урбанистички планови, кон барањето од членот 3 од овој правилник, се приложува следната документација:

- диплома или уверение за дипломиран инженер архитект или магистер инженер архитект, кој завршил VIIA степен на високо образование, се стекнал со 300 кредити според Европскиот кредит – трансфер систем (ЕКТС);

- потврда дека има една година работно искуство во областа на урбанистичкото планирање;

- референтна листа од најмалку три донесени урбанистичките планови односно одобрени урбанистички проекти или урбанистичко плански документации во чија постапка учествувал како член на Комисијата за урбанизам на органот надлежен за донесување односно одобрување и

- доказ за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на лиценца за изработување на урбанистички планови, формата и содржината на барањето за издавање на овластување за изработување на урбанистички планови и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5240/1
11 јули 2025 година
Скопје

Министер
за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**До**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**Б А Р А Њ Е**
**за издавање на лиценца за изработување на урбанистички планови**

______________________________________________________________________________
(назив на правното лице подносител на барањето)

______________________________________________________________________________
(седиште на правното лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде лиценца за изработување на урбанистички планови.

Број: ______________________
Датум: _______________________

Податоци за контакт:

Тел: _______________
Електронска пошта: ______________________

Подносител на барањето

______________________

**Прилог 2**

**До**

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

**Б А Р А Ње**
**за издавање на овластување за изработување на урбанистички планови**

______________________________________________________________

**(име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)**

______________________________________________________________

**(адреса на физичкото лице подносител на барањето)**

Барам да ми се издаде овластување за изработување на урбанистички планови.

**Број:** ______________________
**Датум:** ______________________

Податоци за контакт:
Тел:______________________
Електронска пошта:______________________

Подносител на барањето

______________________